РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-108/6
07-02-2024 20 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за архитектонски дејности, надзор и инженеринг
МБМ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ
Бр. 0307-55
08-02 2024 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

**за јавна набавка на услуги за вршење на стручен надзор над изведување на градежни работи за измени во тек на градба за доградба на детска градинка во Општина Дебар**

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за труд и социјална политика**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер **Ѓоко Велковски**, во понатамошниот текст: Договорен орган, и
2. **Друштво за архитектонски дејности, надзор и инженеринг МБМ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Скопје**, ЕМБС 7098391 со седиште на Бул. АСНОМ бр.48 2/001 Скопје, претставувано од управителот **Блашка Јакимовска Јованова** (во понатамошен текст Носител на набавката).

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како јавна набавка од мала вредност на услуги за вршење на стручно технички надзор, во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи, Законот за градење) и постојните прописи во градежништвото, стандарди и атести од овластени институции и други важечки прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со арх. бр. 02-8086/1 од 19.12.2023 година, Одлука за избор за најповолен понудувач донесена во истата постапка со арх. бр. 02-108/4 од 23.01.2024 година како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор е набавка на услуги за **вршење на стручен надзор над изведување на градежни работи за измени во тек на градба за доградба на детска градинка во Општина Дебар**

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Процентот за вршење на стручно технички надзор изнесува 1.88% без ДДВ од вкупната вредност на изведените работи за измени во тек на градба за доградба на детска градинка во Општина Дебар. Вкупната вредност на овој договор изнесува 352.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност, односно 415.360,00 денари со пресметан данок на додадена вредност.
Носителот на набавката е должен да постапува согласно барањето доставено од одговорното лице за реализација на договорот кај договорниот орган.

## НАЧИН И УСЛОВИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Носителот на набавката е должен да го извршува договорот по барање на одговорно лице за реализација на овој предмет на јавна набавка кај Договорниот орган.
Носителот на набавката се обврзува да ги изврши следните услуги:

- Да именува одговорен надзорен инженер на тимот за вршење на стручен надзор над градежните активности на објектот, како и одговорни надзорни инженери од сите потребни фази на градбата (архитектура, градежништво, електротехника и машинство и сите останати фази за кои ќе се јави потреба) и за тоа писмено да го извести Договорниот орган, како и за денот на воведувањето во градба на Изведувачот, по разгледување и одобрување на проектната документација и потребната документација од страна на Изведувачот за да се воведе во работа.
- Не смее на изведувачот да му одобрува дополнителни работи, непредвидени или измени кои имаат фискални импликации по Договорниот орган без претходно одобрување од истиот.
- Да биде присутен за цело време на изведување на работите и да врши проверка над доградбата дали истата е во согласност со основниот проект

за измени во тек на градба за доградба на детската градинка со технички број 03/23 од 2023 год. и Решение за одобрување на измени во текот на изградбата за градбата со број РА 1 10-12 од 23.03.2023 год. и сл.

- Да утврди дали е извршено обележување на проектираната градба на терен согласно со член 82 од Законот за градење
- Да бара од изведувачот на градежните работи да ги исполни основните барања за градбата и другите услови пропишани со Законот за градење;
- Да бара од изведувачот на градежните работи задолжителна примена на македонските стандарди;
- Да бара од изведувачот на градежните и градежно - занатските работи, сите употребени и вградени материјали и опрема да ги задоволуваат сите технички својства и другите технички барања и задолжително да се во согласност со Законот и со другите прописи со кои се уредува квалитетот на ваков тип на градби.
- Да утврди дали учесниците во градбата ги поседуваат соодветните лиценци и овластувања
- Да утврди дали изведувачот обезбедил мислење за изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата во текот на изградбата и мислење за изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата по изградба на целиот конструктивен систем на градбата;
- Да бара од изведувачот да доставува атести за материјалите издадени од овластени институции;
- Да бара од изведувачот на градежните работи да се придржува на сите инструкции дадени од Надзорот, во врска со движењето на механизација, материјали и работна сила;
- Носителот на набавката се обврзува до инвеститорот да доставува периодични писмени заверени Извештаи секои 7 дена (неделен извештај) за степенот и квалитетот на изведените работи за сите фази, како и за сите настанати ситуации во врска со изградбата на објектот.
- Носителот на набавката се обврзува до инвеститорот да доставува секој 1-ви во месецот заверен извештај за претходниот месец, за изведените работи за сите фази.
- Да ги проучи проектите и доколку констатира недостатоци или испуштени работи да го извести Договорниот орган и проектантот за нивно навремено отстранување;
- Предлага измени и дополнувања на одобрениот проект, доколку за тоа има потреба;
- Врши контролирање на материјалите кои се вградуваат;
- Врши надзор над времените пресметки (ситуации) и конечната пресметка која ја поднесува Носителот на набавката на Договорниот орган;

- Врши надзор дали Носителот на набавката се придржува на утврдените рокови во договорот и динамиката на градење;
- Ги проверува и потпишува градежниот дневник, градежната книга и времените ситуации;
- Доколку во процесот на изведба се констатираат непредвидени и дополнителни позиции, за истите дава писмено мислење, како и по анализа на пазарните цени ја потврдува вредноста на новите позиции.
- Доставува изјава дека објектот е спремен за технички прием.
- Учествува при интерниот и техничкиот прием за извршените работи;
- Главниот надзорен инженер е одговорен за меѓусебна усогласеност на фазите на доградбата и водењето стручен надзор над нив.
- Писмено го известува Договорниот орган за завршетокот на работите;
- Да изготви и достави Завршен извештај за извршениот надзор без забелешки согласно кој објектот може да се стави во употреба;
- Детално да се придржува до Законот за градење и сите потребни Правилници и нормативи за градење на ваков тип на објекти.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 5

Договорот е со важност од 15 месеци, сметано од денот на склучување на договорот.

### Член 6

Рокот се продолжува само доколку има оправдани причини за истото. Времетраењето на договорот за стручен надзор се продолжува со продолжување на рокот за изведба или во случај на раскинување на договорот за изведба, се до повторен избор на Изведувач и целосно завршување на објектот со градба од страна на Изведувачот.

Со продолжување на рокот за надзор задолжително се продолжува и важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на работите.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 7

Начин на плаќање е во рок до 60 дена од денот по приемот на фактурата во Архивата на Министерството за труд и социјална политика по извршени услуги за стручен надзор.

За извршен надзор над изградба/ доградба/реконструкција/адаптација и слично на градбата:
- плаќањето ќе се врши по прием на потпишани и заверени фактури по извршена услуга, доставени до Договорниот орган од страна на Носителот на набавка, во процентуален износ од вкупната цена на договорените работи согласно договорот склучен помеѓу Договорниот орган и Изведувачот;

- плаќањето ќе се врши периодично, со примена на договорениот процент на износот на заверените времени ситуации, односно завршната ситуација доставени до Договорниот орган од страна на Изведувачот, врз основа на претходно предадени **Неделни и Месечни извештаи** за извршениот надзор над градбата, односно предаден **Завршен извештај за извршениот надзор над градбата без забелешки односно Констатацијата да биде потпишана од сите одговорни инженери по фази согласно која објектот може да се стави во употреба**. Фактурите треба да бидат доставени до Договорниот орган од страна на Носителот на набавка, а плаќањето на истите ќе биде во рок до 60 дена од денот на прием на фактурите за извршен надзор над изградба/доградба/реконструкција/адаптација и слично на градбата.

**Член 8**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- опис на извршена услуга
- пресметка за ДДВ (ако има);
- валута на плаќање

Некомплетно доставена ф-ра од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган/одговорно лице за реализација на договорот ќе ја врати писмено во кое ќе биде образложена причината за враќањето и рокот во кој Носителот на набавката е должен да ги исправи недостатоците или грешките. Доколку Носителот на набавката не достави ф-ра согласно насоките и не ги исправи недостатоците или грешките, рокот за плаќање ќе започне да тече од денот на постапувањето по укажувањето и приемот во архивата на изготвена ф-ра согласно овој член од договорот.

## ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Навременото и квалитетно извршување на договорот, Носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за Договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува 10% од вкупната вредност на договорот со важност за целото времетраење на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 5 (пет) дена од потпишувањето на договорот и е предуслов за полноважноста на договорот. Во спротивно договорот ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести Носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на Носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, Носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 10

Носителот на набавката се обврзува дека стучно, професионално и квалитетно ќе ги извршува услугите предвидени со овој договор во период на важност на договорот.

Носителот на набавката се обврзува да доставува неделен и месечен извештај за текот на активностите над објектот, и во рок од 3 (три) дена да го извести Договорониот орган доколку во текот на вршење на надзорот увиди и констатира одреден проблем.

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ги исполни сите услови согласно доставената понуда.

## РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 11

Рокот за извршување на услугите за вршење на стручен надзор над изведување на градежни работи за измени во тек на градба за доградба на детска градинка во

Општина Дебар започнува да тече од денот на склучување на договорот во период од 15 месеци ( период во кој е предвидена целосна реализација на договорот и доставување на комплетна документација).

Рокот се продолжува само доколку има оправдани причини за истото. Времетраењето на договорот за стручен надзор се продолжува со продолжување на рокот за изведба или во случај на раскинување на договорот за изведба, се до повторен избор на Изведувач и целосно завршување на објектот од страна на Изведувачот.

Со продолжување на рокот за надзор задолжително се продолжува и важноста на банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на работите.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 12

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката, по извршената услуга а во рок до 60 дена од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.
Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Елена Митровска или друго лице овластено од Министер.

## НАДОМЕСТ НА ШТЕТА И ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 13

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја изврши обврската во рокот определен во овој договор, истиот е согласен на договорна казна во висина од 0,05% од цената определена во член 3 од договорот за секој ден доцнење.
Договорниот орган пресметката на договорната казна од став 1 на овој член ќе ја пресмета и ќе ја одбие од цената определена во член 3 од овој договор.

## ОБЕШТЕТУВАЊЕ

### Член 14

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Член 15

Поради неисполнување на обврските од страна на Носителот на набавката договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна и наплата на банкарска гаранција.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 16

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Член 17

Доколку договорните страни не постигнат обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 18

Кога Носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета и активирање на банкарска гаранција.

Член 19

Кога Носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган има право да му остави дополнителен рок за исполнување на обврската.

Дополнителниот рок може да се остави само во случај кога Договорниот орган не трпи штета и во тој случај нема да се бара надомест на штета и да се активира банкарска гаранција .

Член 20

Ако Носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, Договорниот орган може да го раскине договорот.

Во случај на раскинување на договорот поради неисполнување на обврските во определениот рок и во дополнителниот рок, Договорниот орган има право на надомест на штета и право да ја активира банкарската гаранција.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 21**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 23**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 24**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| МИНИСТЕР, | Управител, |
| Гоко Велковски | Блашка Јакимовска Јованова |
| Договорен орган | Носител на набавката |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Контролирал: Благица Мирчевска, Раководител на одделение
Согласен: Славица Костовска, Раководител на сектор
Одобрил: Љубица Панова, Раководител на сектор